РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1819/2
26-07-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на ден 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1819/1 од 18.06.2024 година, поднесена од ------------------------, со сомневање за неправилности во работењето на Фондот -----------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што пријавените наводи не се предмет на нејзино надлежно постапување, а пријавата во целина не содржи јасни и конкретни наводи кои што укажуваат на дејствија за злоупотреба на службената должност и овластување на службени лица.

Предметот со број 12-1819/1 од 18.06.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 18.06.2024 година, до ДКСК е доставена пријава во која подносителот наведува нејасни наводи и го искажува својот револт и незадоволство со сомневање за неправилности во работењето на Фондот -----------------------------------------. Подносителот во пријавата бара да се проверат работните задачи во Фондот ------------------. По доставената пријава е оформен предмет со број 12-1819/1 од 18.06.2024 година.

При разгледување на доставената пријава, ДКСК констатира дека во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. По однос на барањето на подносителот за проверка на работните задачи на Фондот ---------------, ДКСК утврди дека пријавените наводи не се предмет на нејзино надлежно постапување и ДКСК нема

надлежност за постапување по истите согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата